**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод одбележување 4 години Република Северна Македонија во НАТО и одбележување на Денот на Генералштабот на Армијата**

27 март 2024 година - Скопје

Почитуван претседател на Собранието, почитуван прв вицепремиер, почитуван началник на Генерал штабот, почитувани присутни, колеги, соработници, пријатели на Армијата и Министерството. Ви се обраќам со исклучителна чест и задоволство, со гордост што денеска одбележуваме 4 години Република Северна Македонија во НАТО, 4 години засилена безбедност и зацврстена стабилност. На овој ден во 2020-та година Република Северна Македонија покажа каде припаѓа, кои се нашите заеднички вредности и кое е нашето место како земја која отсекогаш се залагала за мир, за демократија, за безбедност и стабилност.

Овој датум има и друга историска важност, клучен датум во создавањето на суверена и независна Македонија. Додека во сите поранешни републики, по распадот на Југославија беснееја војни, благодарејќи на мудрите одлуки на првиот претседател Киро Глигоров, и првиот министер за одбрана Трајан Гоцевски, последниот војник на поранешната ЈНА, на мирен начин замина од територијата на независна и суверена Македонија, со што се создадоа услови за формирање на Армијата на Република Македонија. Првиот 27 март ја потврди нашата одлучност за независна и самостојна држава, а вториот 27 март ја зацврсти нашата безбедност и стабилност.

Влегувајќи во НАТО јасно го одбравме патот, стабилност и сојузништво наспроти деструктивни однесувања. Во 2022-та година, на Лидерскиот самит на Алијансата во Мадрид го донесовме новиот Стратешки концепт на НАТО кој ги исцрта нашите цели, укажа на нашите задачи и покажа дека НАТО не е закана за никој. Напротив, НАТО постои за да се заштити себе си и да не дозволи унилатерални и непромислени одлуки на различни режими да бидат оние кои ќе можат да посегнат по нашата територија, по нашите граѓани.

Северна Македонија е јасна. НАТО е јасно. Ние не сме закана, но затоа сме повеќе од обединети во одлучноста да ја спроведеме нашата политика, на одвраќање и одбрана. Затоа и македонската Армија е дел од мултинационалните сили на НАТО, во Латвија, Бугарија и Романија каде заедно со сојузниците се гарант на безбедноста на источното крило на Алијансата.

Но и на регионално ниво, Северна Македонија заслужено стана еден од столбовите на безбедноста. Нашата историја покажува дека ние промовираме стабилност и еднаквост, промовираме дијалог. Покажува дека никогаш не бегаме од одговорноста! Македонски војници се на Косово, да помогнат во заедничката мисија на КФОР, но и во Босна и Херцеговина каде години station наназад даваме поддршка на мисијата на Европската Унија.

Но како членки на Алијансата мораме да бидеме подготвени и одговорно да го зацврстиме системот на отпорност на нашето општество, додека на европско тло се уште се одвива војна, кога неправедната и неоправдана руска агресија уништува илјадници домови и убива мажи, жени и деца во Украина, сведоци сме на малициозните обиди на дестабилизирање на регионот, политички со обиди и безбедност. Затоа, токму злонамерните актери, не затоа што не сакаат стабилност и развој на земјите во регионот и се обидуваат на секаков начин да ја потопат демократијата.

Градењето на отпорноста на општеството е сериозен предизвик пред кој сме исправени и кој мораме да го совладаме. На денот на Генерал штабот даваме ветување дека Армијата ќе продолжи да се развива и модернизира, затоа што таа е столбот на нашата државност. Процесите на опремување ќе продолжат подеднакво како што ќе продолжи и највредната инвестиција, инвестирањето во човечкиот капитал, столбот на одбраната. Нека ни е честит денот на Генерал штаб, нека ни е честито 4 годишното членство во Алијансата!